***УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ***
***Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.***

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи:**


1. *Што претставува Дексаметазон + Хлорамфеникол и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите Дексаметазон + Хлорамфеникол*
3. *Како да го употребувате Дексаметазон + Хлорамфеникол*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Дексаметазон + Хлорамфеникол*


**Deksametazon + Hloramfenikol / Дексаметазон + Хлорамфеникол (0,1%+0,5%) капки за око, раствор**
dexamethasone, chloramphenicol

Активни супстанции: дексаметазон натриум фосфат и хлорамфеникол.
Помошни супстанции: борна киселина, натриум борат декахидрат, фенил жива борат, метилцелулоза, макрогол стеарат 600, вода за инјекции.

Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

Назив, седиште и адреса на производителот на лекот:
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија во соработка со РАФАРМ С.А., Атина, Грција

**1. Што претставува Дексаметазон + Хлорамфеникол и за што се употребува**
1 ml раствор содржи дексаметазон натриум фосфат 0,1% и хлорамфеникол 0,5%.

Содржина на пакувањето:
Кутија со шишенце со 10 ml какпки за око, раствор (0,1%+0,5%).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

Дексаметазон + Хлорамфеникол капки за очи е комбиниран лек, кој во својот состав содржи противвоспалителен гликокортикоид-дексаметазон и антибиотик со широк спектар на дејство-хлорамфеникол. Дексаметазон е синтетски гликокортикоид со изразено противвоспалително и противалергиско дејство.

Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи може да ги употребувате само ако Вашиот очен лекар утврди дека имате една од следниве состојби:

- акутно или хронично воспаление на рожницата и сврзницата (коњуктивата) на окото од инфективно и алергиско потекло (но не од вирусно потекло);
- инфекции на предниот сегмент на окото (воспаление на шареницата на окото, комбинирано воспаление на шареницата и цилијарното тело на окото);
- површинско или длабоко воспаление на белката на окото, воспаление на очните мускули, симпатична офталмија (воспаление на здравото око по перфоративна повреда на другото око).

Вашиот очен лекар може да Ви ги препише Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи за постоперативен третман при хируршки интервенции на: катаракта (заматување на леќата на окото), глауком (зголемен очен притисок) или страбизам (кривогледство).

## 2. Што треба да знаете пред да го употребувате Дексаметазон + Хлорамфеникол

**Немојте да го употребувате Дексаметазон + Хлорамфеникол ако:**

- имате преосетливост кон некоја од составните компоненти на лекот;
- имате оштетувања или нагризни (улцерозни) процеси на рожницата на окото;
- имате габични инфекции на окото;
- имате глауком (зголемен очен притисок);
- имате инфекции на око со Herpes simplex и други вирусни инфекции;
- имате тешки заболувања на крвта (хематолошки) и нарушување на функцијата на црниот дроб;
- имате фамилијарна историја на депресија на коскената срцевина.

**Бидете посебно внимателни со Дексаметазон + Хлорамфеникол:**

Бидете претпазливи со Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи, затоа што кортикостероидите можат да ја прикријат, активираат или влошат инфекцијата на очите. Советувајте се со Вашиот лекар ако не забележите подобрување после 7-8 дена терапија со Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи. Соодветни мерки ќе бидат превземени. Ако Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи ги употребувате подолго време, потребно е редовно да го контролирате очниот притисок.

Како и кај другите кортикостероиди, дозирањето кај деца под 2 годишна возраст треба внимателно, индивидуално да се одреди, со претходна проценка на односот ризик/корист од терапијата со Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи.

**Употребување на Дексаметазон + Хлорамфеникол со храна и со напиток**

Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи се наменети за локална употреба во око и може да ги применувате без оглед на земањето храна или пијалоци.

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Кажете му на Вашиот лекар ако сте бремени (или мислите дека можеби сте бремени).

Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи не треба да се употребуваат за време на бременост, поради потенцијалниот ризик за плодот.

**Доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи не треба да се употребуваат во период на доење, поради потенцијалниот ризик за доенчето.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

Ако после употреба на Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи видот се замаглува, треба да се избегнува управување со моторни возила и ракување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Дексаметазон + Хлорамфеникол**

Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи содржат фенил жива борат, што може да предизвика алергиски реакции.

**Употребување на други лекови**

Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

*Особено е важно ако истовремено земате:*

- пеницилини, цефалоспорини, гентамицин, тетрациклини, полимиксин Б, ванкомицин, сулфадиазин или други бактерицидни лекови - бактериостатските антибиотици можат да ги инхибираат бактерицидните антибиотици;
- препарати на сулфонилуреа, кумарински деривати, хидантоин, метотрексат, лекови кои делуваат штетно на хематопоезата (формирањето и развојот на крвните клетки).

**3. Како да се употребува Дексаметазон + Хлорамфеникол?**

Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.

*Вообичаено дозирање:*

Капнете по една капка од Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи во коњуктивалната ќеса, 3-5 пати на ден.

*Акутни состојби:*

Капнете по 1 капка од Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи, на секој час.

*Ако имате впечаток дека ефектот на Дексаметазон + Хлорамфеникол* е *премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте употребиле повеќе отколку што треба од ДЕКСАМЕТАЗОН + ХЛОРАМФЕНИКОЛ капките за очи**

Ако сте употребиле повеќе отколку што треба од Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи, веднаш разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт! Соодветни мерки ќе бидат превземени.

**Ако сте заборавиле да употребите од ДЕКСАМЕТАЗОН + ХЛОРАМФЕНИКОЛ капките за очи**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Никогаш не употребувајте повеќе отколку што ви е пропишано за да го надоместите тоа што сте прескокнале да ги употребите Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи!
Продолжете со следната доза како што е наведено во дозирање и начин на употреба.

**4. Можни несакани дејства**

*Како и сите лекови, Дексаметазон + Хлорамфеникол може да има несакани дејства, кои не се јавуваат кај секој пациент.*

Кратко после употребата на Дексаметазон + Хлорамфеникол капките за очи, може да почувствувате печење во окото, но тоа не влијае врз ефикасноста на третманот.
Исто така, веднаш после употребата на лекот, може да почувствувате горчлив вкус.
Иако многу ретко, како можни несакани дејства се катаракта и некролиза после долготраен третман со кортикостероиди и апластична анемија после локален третман со хлорамфеникол.

*Ако приметите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Чување на Дексаметазон + Хлорамфеникол**

Да се чува на температура од 2-8°C (во фрижидер), во оригинално пакување.
После првото отворање да се чува на температура од 2-8°C (во фрижидер) и може да се користи максимум 4 недели.

**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**

04/2017

**Број на решението за ставање на лекот во промет**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ